**БИМ а.д. Свети Николе**

# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА РАБОТАТА НА**
**СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

**За период 01.01. – 31.12.2019 година**

**Свети Николе, 2020 год.**

## 1. ВОВЕД

Службата за внатрешна ревизија на БИМ а.д. Свети Николе е составен дел на организационата поставеност и претставува посебен независен дел, кој е одговорен непосредно на Претседателот на Одборот на директори.Службата за внатрешна ревизија има за цел да утврди дали доследно се применуваат процедурите, регулативата и стандардите, дали средствата за работа се користат ефикасно и економично и дали се остваруваат поставените цели на друштвото.

Врз основа на член 415-в, точка 1 и 2 од Закон за трговски друштва (Сл.Весник бр.48/10) , Службата за внатрешна ревизија изготви годишен извештај за своето работење за 2019 година.

Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за 2019 год. ги содржи следниве информации :

- опис на извршените ревизии на работењето на друштвото ;
- оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола ;
- наоди и предложени мерки и нивно спроведување ;
- оцена на реализација на поставените цели и планирано време согласно годишниот план за работа.

Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2019 год. се доставува до Одборот на директори на БИМ а.д. Свети Николе.

## 2.ОПИС НА ИЗВРШЕНИТЕ РЕВИЗИИ

Во текот на 2019 год. Службата за внатрешна ревизија вршеше ревизорски активности во согласност со активностите предвидени во Годишниот план за внатрешна ревизија за 2019 година.

Вршењето на ревизијата беше во согласност со Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија.

Ревизорските техники кои се употребуваа во текот на ревизија се: набљудување на процесите, интервјуа со вработените, статистичка контрола и метод на примерок, непосреден увид во изворната документација,увид во компјутерските апликациите за работа.

При спроведување на ревизијата имаше добра соработка од страна на вработените во друштвото, на увид беа доставени потребните документи за разгледување и составување на поединечните извештаи за извршените редовни ревизии.

Во анализираниот период Службата спроведе три индивидуални ревизии за кои подготви и достави поединечни детални извештаи до Одборот на директори и Службите во кои се вршеше ревизија-финансова,комерцијална служба, правна служба и производство со одржување.

Преглед на извршените редовни ревизиии во текот на 2019 година :

**1. Ревизија на степенот на имплементација на противпожарните мерки во БИМ а.д. Свети Николе**.

Цел на ревизијата:

Цел на ревизијата е да даде уверување дека имплементација на противпожарните мерки е во согласност со Законската регулатива.

Опфат на ревизијата:

Ревизијата ја опфаќа имплементацијата на прописите кои се однесуваат на противпожарната заштита во друштвото согласно Законот за пожарникарство, Закон за безбедност и заштита при работа, Закон за заштита и спасување, Правилникот за начинот на одредување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата против пожарна опрема, средствата за гаснење на пожари и противпожарни апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапноста за употреба, Правилникот за поблиско определување на изборот и видовите и на количините на ПП апаратите со кои треба да располагаат правните лица и Правилникот за нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари.

Број на препораки: 6.

Имлементација на препораки: во тек.

**2. Ревизија на процес на одржување на процесната опрема во БИМ а.д. Свети Николе.**

Цел на ревизијата:

Цел на ревизијата е да даде уверување дека процесот на одржување на процесната опрема е во согласност со воспоставената процедура во друштвото и соодветните законски прописи.

Опфат на ревизијата

Ревизијата ги опфати активностите на превентивно и екцесно одржување на опремата во БИМ а.д. Св. Николе, нивно евидентирање согласно Процедурата за одржување на процесната опрема и имплементирање на прописите кои се однесуваат на одржување и безбедна употреба на опремата согласно Законот за безбедност и здравје при работа, Правилникот за користење на опрема под притисок, Правилникот за користење на дигалки и индустриски транспортери и Правилникот за начинот на водење на евиденција во областа на безбедност и здравје при работа .

Број на препораки:3.

Имлементација на препораки: во тек.

**3. Ревизија на банкарски изводи за исплата на средства во  БИМ а.д. Свети Николе.**

Цел на ревизијата:
Цел на ревизијата е да даде уверување дека исплатата на средства преку банкарските сметки е во согласност со Законската регулатива.

Опфат на ревизијата:
Ревизијата опфати преглед на исплата на  денарските  средства во  БИМ а.д. Свети Николе преку жиро сметките во Стопанска и Прокредит банка.

Број на препорака: Нема.

Поединечните извештаи содржат детални податоци за за извршените ревизии, приложената документација која претставуав ревизорски доказ, во делот за наодите се наведени забелешките  од спроведената ревизија  и дадени се препораки согласно наодите.

## 3.ОЦЕНА НА АДЕКВАТНОСТА И ЕФИКАСНОСТА НА СИСТЕМИТЕ ЗА ВНАТРЕШНАТА КОНТРОЛА

Внатрешната контрола претставува континуиран процес  кој се спроведува на сите нивоа во Друштвото од страна на органот на управување, менаџментот и сите вработени дизајниран да обезбеди разумна сигурност за постигнување на цели како што се заштита на капиталот  и вредноста на средствата на Друштвото, подобрување на севкупното работење и усогласеност со интерните политики на друштвото и законите.

Системот на внатрешна контрола постојано се менува и прилагодува зависно од промените во законската регулатива, измените во технологијата на одредените процеси или системи и затоа претставува значајна компонента при управувањето и поставувањето на сигурна и стабилна основа  за функционирање на Друштвото.

Внатрешната ревизија при утврдување на адекватноста и ефикасноста на системот на интерна контрола во ревидираните процеси  се раководеше од најзначајните компоненти и цели и тоа:

- Дали процесите  и активностите кои беа предмет на ревизија се регулирани со интерни политики и процедури и дали истите се во согласност со законската регулатива;
- Дали е воспоставена правилна поделба на овластувањата и одговорностите во рамки на процесите и активностите кои беа предмет на ревизија;
- Дали процесите  и активностите се адекватно подржани  од информатичкиот систем на Акционерското друштво ;
- Дали системските контроли во апликативни решенија се доволни,сигурни и безбедни за да се спречат намерни и ненамерни грешки и доволно ефикасни за да ги минимизираат ризиците во работењето и
- Дали системот на интерна контрола овозможува препознавање  и проценка на значајни ризици на кое е изложено Друштвото.

**Мислење:**

Службата за внатрешна ревизија го потврдува стекнатото разумно уверување дека системот на внатрешни контроли во БИМ а.д. Свети Николе е во најголем дел адекватно имплементиран во насока на минимизирање на значајните материјални ризици и ефикасно спроведување на законската регулатива.

Идентификуваните слабости во системот на интерни контроли немаат материјално значење во однос на постигнување на целите на друштвото и се предмет на континуирани надградби и подобрувања согласно дадените препораки.

Ова мислење се издава врз основа на извршените поединечни ревизии, од изведените ревизорски докази при контрола на ревидираниот материјал избран од ревидираните процеси.

## 4.НАОДИ И ПРЕДЛОЖЕНИ МЕРКИ И НИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ

Врз основа на ревизорските прегледи во 2019 година, сите констатирани наоди и препораки се дадени во поединечните извештаи на Внатрешна ревизија што се доставени на разгледување до Одборот на директори и истите беа целосно прифатени.

Службата за внатрешна ревизија континуирано го следеше спроведувањето на предложените препораки и редовно ги известуваше наведените органи на друштвото.Сознанијата со кои се здоби Внатрешната ревизија како резултат на следењето на имплементацијата на предложените препораки укажуваат дека препораките се почитуваат.Препораките делумно се спроведени и се превземаат потребните активности , што значи нема негативни забелешки во поглед на нивното спроведување.

## 5.ОЦЕНА НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПОСТАВЕНИТЕ ЦЕЛИ И ПЛАНИРАНО ВРЕМЕ СОГЛАСНО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА

Службата за внатрешна ревизија во текот на 2019 година ги оствари предвидените активности согласно Планот за внатрешна ревизија за 2019 година. Ревизиите се остварени во планираните периоди во рамки на расположивите временски можности и човечки ресурси.

Во периодот јануари – декември 2019 година, спроведените активности во рамки на усвоениот Годишен план за работа на Службата за внатрешна ревизија беа реализирани од страна на еден извршител – Раководителот на Службата.

Раководител на Служба
за внатрешна ревизија
Стојка Андроникова

Свети Николе, 2020 год.